ISO 9001:2015

Во согласност со член 42 став 3, од Законот за јавна внатешна финансиска контрола(Сл. весник на РМ бр.90/2009 год.) и член 16 од Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата (Сл. весник на РМ бр.136/2010год.) Единицата за внатрешна ревизија во Општина Берово, изготвува,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БЕРОВО
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ на ревизија на ПРОЦЕС на - ДОДЕЛЕНИ ДОГОВОРИ за ЈАВНА НАБАВКА СПРОВЕДЕНИ во ОСУ ''АЦО РУСКОВСКИ '' БЕРОВО ВО 2018 ГОД.

Место, месец, година

Берово, јули , 2019 год.

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Целта на вршење на внатрешната ревизија во процесот на доделување на договори за јавна набавка на стоки, услуги и работи е да се направи увид и да се помогне на раковотството преку проценка на ризикот и давање на препораки за постојано подобрување на контролната средина во која се спроведуваат јавните набавки. Само со добро организирана контролна средина, со обучени членови на комисиите за јавни набавки и со професионални лица за спроведување на процесот на јавни набавки, организацијата може да врши економични, ефективни и ефикасни набавки. Значи, одговорност на менаџментот е да воспостави и развие соодветен систем на интерни контроли заради заштита на сопствените ресурси и интереси. Овие контроли треба да бидат така поставени и да функционираат така, да би се обезбедила доследна примена на законските и подзаконските одредби, интерни акти и прописи и да при донесување на одлуките во сверата на јавните набавки се постапува согласно истите.

1. Вовед и општи информации

Општинското средно училиште ‘’Ацо Русковски’’ од Берово е основано на 08.09.1953година со решение на Советот за просвета на НРМ број 5138, а со одлука на Владата на Република Македонија, број 19-2326/2 од 22.06.2005 година, основачките права се пренесени на Општина Берово. ОСУ е правно лице. Основна дејност на училиштето е воспитно образовната дејност за гимназиско и стручно образование. Дејноста што се остварува во рамки на училиштето е од јавен интерес и се врши како јавна служба, а е утврдена со Законот за средно образование и Законот за стручно образование. Воспитно образовната дејност во училиштето се изведува на македонски јазик и кирилско писмо. Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор.

Директорот е раководен орган, кој непосредно раководи со работата на училиштето, го преставува и застапува училиштето, одговорен е за законитоста во материјално финансиското работење на училиштето. Во 2018 година директор на училиштето е Сашко Корчовски.

Стручни органи во училиштето се: Наставнички совет; Совет на година; Совет на паралелка; Раководител на паралелка; Стручни активи на наставници по одредена област.

Цел на ревизијата на системот на јавни набавки во институцијата е да се потврди дека набавките се извршуваат економично, ефикасно и ефективно и дека контролната средина во која се спроведуваат јавните набавки е добро организирана и не дозволува да се случат никакви значителни загуби за институцијата.

Нема сомнение дека јавните набавки, во институциите од јавен интерес, претставуваат процес, каде можноста од појава на ризик од неспазување на сложената законска регулатива, недостаток на транспарентност при избор на економски најповолна понуда се **доста високи** и бараат многу добро познавање на законската регулатива. Одредбите дадени во Законот за јавна набавка, не треба да се гледаат **само како група правила кои мора да се почитуваат**, туку како можност за организацијата **да добие поголема вредност за вложените сретства.** Само ако се гледа на тој начин и се работи во таа насока, ќе има ефект од споменатиот Закон за јавни набавки и институцијата ќе може да потврди дека јавните набавки се извршуваат економично. Лицата кои ја водат постапката за јавна набавка треба да се постојано едуцираат, да посетуваат советувања кои се организираат од министерството за финансии, како би можеле постојано да се усовршуваат и полесно да ги спроведуваат постапките од јавните набавки.

2. Видови на договори за јавна набавка

Главната поделба на договорите за јавна набавка е - договори за јавна набавка на стоки, договори за јавна набавка на услуги и договори за јавна набавка на работи.

1.1.1. Видот на постапката што треба да се користи за доделување на договори за јавна набавка на стоки, работи и услуги, зависи од проценетата вредност на набавката. Така за јавна набавка на стоки и услуги, со проценета вредност до 20.000 евра во денарска противвредност и на работи до 50 000 евра во денарска противвредност, треба да се користи постапка - **барање за прибирање на понуди.** За доделување на договори за јавна набавка, чија проценета вредност е над 20 000 евра во денарска противвредност и над 50 000 евра за набавка на работи, се користат другите видови на постапки, како **Отворена постапка, Ограничена постапка, Конкурентен дијалог и други видови**. Договорниот орган е должен, секоја постапка од доделувањето на договор за јавна набавка на стоки, работи и услуги да ги извршува транспарентно, најодговорно, согласно секој член од Законот за јавни набавки, бидејќи сретствата со кои се врши исплатата на набавките се јавни сретства. Договорниот орган исто така е должен да води евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди и да доставува примерок во електонска форма до Министерството за финансии- Биро за јавни набавки, најдоцна до 31 јули и до 31 јануари за договорите склучени во претходните шест месеци.

За секој доделен договор за јавна набавка на стоки, работи и услуги, договорниот орган е должен да води посебно досие во кое пак, хронолошки, архивирани и подредени треба да се чуваат сите документи од водењето на целата постапка, согласно член 173 од Законот за јавни набавки(Сл.весник на РМ бр. 136/2007…… 27/15, 78/15,192/15, 27/16 120/16)

1.1.2. Во ОСУ-Ацо Русковски во текот на 2018 година се доделени повеќе договори за јавна набавка на стоки, услуги и работи. Повеќето од јавните набавки, за набавка на стоки, се со проценета вредност до 5.000 евра во денарска противвредност без вклучен ДДВ и во тој случај, постапката која се користи за доделување на договори е постапка со - Барање на прибирање на понуди . **Истата постапка –Барање за**

прибирање на понуди со објаваување на огласот во ЕСЈН, се користи и кога проценетата вредност на договорот за јавна набавка на стоки и услуги е до 20 000 евра во денарска противвредност, а на работи до 50 000 евра во денарска противвредност , без вклучен ДДВ. Во 2018 година , **за сите доделувања на договори за јавни набавки, без разлика на проценетата вредност на јавната набавка,** се врши објавување на оглас во ЕСЈН. Во зависност од вредноста на договорот за јавна набавка, различен е рокот на траење на огласот објавен во електронскиот систем.

3. Спроведени постапки за - Доделени договори за јавна набавка во 2018год.

1. Набавка број 375- Со бр. 05-375/1 од 2.7.2018 год. е заверена Одлука за утврдена потреба од набавка на сретства за хигиена , со проценета вредност од 120.000,00 денари и со –Критериум за избор –најниска цена 100 бода. По заведената – Поедноставна тендерска документација со бр. 05-375/2 од 2.7.2018 год . и објавениот – Оглас во ЕСЈН, со краен рок за пријавување до 25.7.2018 год. добиена е една понуда од Рики –Јуниор . Со изготвениот –Записник од отворање на понудите и Табелата со податоци кои се читаат на отворање на понудите, Поднесена е понуда со износ од 139.815,00 денари без ддв од економскиот оператор Рики-Јуниор од Кочани. Со број 05-375/6 од 25.7.2018 год. заведен е –Извештај од непостоење на негативна референца за економскиот оператор Рики –Јуниор. Заведени се и –Изјави дадени од членовите на комисијата за јавни набавки за непостоење на конфликт на интереси. Понудувачот Рики-Јуниор како единствен понудувач кој се јавил на огласот, поднесува Конечна цена за набавка на сретства за хигиена со вредност од 119.999,00 денари. Изјавата дадена од управителот на фирмата Рики Јуниор , дека фирмата ги исполнува условите за да аплицира на огласот е заведена со два различни броја 375/11 и 375/12. По поднесивање на Потврда издадена од Централен регистар дека не е отворена стечајна постапка над Рики Јуниор , Потврда дека не е отворена ликвидациона постапка како и поднесено –Уверение за платени придонеси и даноци за Рики Јуниор, поднесена е и Потврда издадена од Централен регистар дека не се евидентирани податоци за изречена сторедна казна, која што потврда е заведена со три различни броја 375/16, 375/17 и 375/18, значи еден ист образец е заведен со три бројки . Исто така и Потврдата за неевидентирани податоци за изречена –прекршочна санкција е заведена со три разни бројки бр. 375/19, 375/20 и 375/ 21. По донесена Одлука бр . 375/22 од 13.8.2018 год.за иабор на најповолна понуда , со која како најповолен понудувач е избран Рики Јуниор , заведена е Изјава дадена од раководителот на институцијата за непостоење на конфликт на инереси , испратено Известување за Рики Јуниор дека се изберени како најповолен понудувач и се склучува Договор со истите на износ од 120.000,00 денари без ддв и 141.600,00 денари со ддв и се оди на реализација на договорот.

2. Набавка бр 05-372

Со Одлука бр.05-372/1 од 6.7.2018 год. е утврдена потреба од набавка на канцелариски материјали и тонери со – Проценета вредност од 90.000,00 денари и – Критериум за избор –најниска цена 100 бода. Со бр 05-372/2 е заведена Тендерска документација и со бр.05-372/3 од 6.7.2018год е објавен оглас во ЕСЈН, со краен рок за пријавување 11.7.2018 год. Набавката е делива и може да се аплицира за секој дел посебно . Со бр.05-372/4-4 до 05-372/4-8, се заведени понудите од сите пристигнати понудувачи Со бр 05-372/5 од 11.7.2018 год е заведен –Записник од отворање на понудите и со Табела со податоци кои се читат на отворање на понудите , со овие понудувачи,

- Екос 103.700,00ден,

- Уни конзум 111.389,00 ден,

- Рики Јуниор 245.155,00 ден ,

- Пчелка 163.630,00 ден, и

- Спринт Солујшен 3.600,00 ден . аплицирале само за еден дел.

Понатаму заведени се Извештај од Мин. за финансии за непостоење на објавена негативна референтца за ниеден од економските оператори кои се јавила на огласот и Изјави дадени од членовите на комисијата за јавни набавки за непостоење на судир на интереси . За секој дел посебно е закажана е-аукција која исто така се вршела пооделно за секој дел, односно за набавка на Прв дел –канцелариски матерјали – Почетна вредност 103.700,00 ден и најниска понудена вредност во износ од

- Прв дел –канцелариски материјали 1 Екос 52.887,00 денари

- Втор дел –Тонери самсунг 1 Екос 5.460,00 ден.

- Трет дел –Тонери ХП Ласер 1 Рики Јуниор 3.696,00 ден

- Четврти дел -Тонери Канон 1. Екос 4.446,00 ден и

- Петти дел Тонери Епсон 1. Екос 2.000,00ден.

Со бр. 05-372/10 е заведена Изјава дадена од раководителот на Екос и на Рики Јуниор со која потврдуваат дека нивната фирма ги исполнува условите на огласот и може да аплицира на огласот. Со бр. 05-372/12 е заведена Одлика за избор на најповолна понуда за секој дел посебно и на повеќето понуди како најниска понуда е дадена од економскиот оператор Екос и на еден дел како најниска понуда е дадена од Рики Јуниор . Нареден документ е Изјава дадена од раководителот на институцијата за непостоење на судир на инереси , испратени се известувања до сите оператори кои учествувале на огласот и се известени за тоа кој е изберен како најповолен понудувач и по истекот на рокот за поднесување на жалби склучени се Договори со операторите кои имаат дадено најниски понуди и се поминува кон реализација на договорите **. И во оваа постапка има одредени пропусти од типот на архивирање на**

документацијата, што потврдува дека станува збор за слаба контролна средина во која се спроведува процесот на јавни набавки, но со проверка на документацијата ревизорот констатира дека слабата контролна средина не довела до настанување на никакви загуби во институцијата.

3. Набавка број 05-376

Јавната набавка заведена со број 05-376, започнува со донесена Одлука бр. 05-376/1 од 2.7.2018 год. со која се утврдува –Потреба од набавка на буково огревно дрво , со проценета вредност од 516.600,00 денари и –Критериум за извор најниска цена -100 бода. Заведена е –Тендерска документација за спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди која ќе заврши со е-аукција. Во доставените материјали нема документ за објавен оглас на страната на Бирото за јавни набавки и ревизијата не можеше да се увери дали е објавувано оглас за набавка на буково огревно дрво. По заведената тендерска документација (бр. 05-376/2 од 2.7.2018год) , веднаш е заведена (со бр. 05-376/3 од 20.8.2018 год.) понуда од Македонски шуми на износ од 561.780,00 денари. Со бр. 05-376/4 од 20.8.2018 год е заведена Изјава од раководителот на Македонски шуми со која изјава потврдува дека ги исполнуват условите за аплицирање на тендерот. Со бр. 05-376/5 исто од 20.8.2018 год . се заведени Изјави дадени од членовите на комисијата за јавни набавки дека не постои судир на интереси за да се спроведе постапката за набавка на дрва од Македонски шуми. Понатаму, со бр. 05-376/6 од 20.8.2018год. заведен е Записник од отворање на понудите со Табела со податоци кои се читаат на отворањето на понудите, со вкупно пристигнати понуди 1(една) од Македонски шуми . Со бр. 05-376/7 од 23.8.2018 год. е заведен Извештај од поднесување на конечна цена со износ од 561.780,00 ден, а со број 05-376/8 од 23.8.2018 год. е заведен Извештај со опис на целиот тек на постапката, во кој повторно е дадена конечно понудената цена со истиот износ од 561.780,00 ден. Бидејќи –Конечно поднесената цена е повисока од –Проценетата вредност на јавната набавка , за разликата помеѓу двете вредности е донесена нова Одлука за измени и дополнувања на донесената одлука, од раководителот на институцијата , бр. 05-376/9 од 29.8.2018год. Потоа со бр .05-376/11 од 29.8.2018год. е заведена Изјава за непостоење на судир на интереси , дадена од раководителот на институцијата , а со бр 05-376/12 од 29.8.2018 год е дадена целата документација од Македонски шуми дека ги исполнуваат условите за да аплицираат на огласот , односно дека професионално се компетентни за да го добијат договорот за јавна набавка. Со истиот број 05-376/12 од 29.8.2018 год е заведен и документ дека врз економскиот оператор Македонски шуми нема ставена негативна референца. Со бр. 05-376/13 од 29.8.2018год е заведено известување испратено до економските оператори со порака кој е избран како најповолен понудувач и со бр.05-376/14 на 3.9.2018 год е заведен Договор склучен помеѓу Македонски шуми и Ацо Русковски за набанка на буково огревно дрво во вреност од 561.780,00 денари и се оди кон реализација на договорот.

4. Набавка број 05-478

Со број 05-478/1 од 10.9.2018 год. донесена е Одлука за утврдување на потреба од набавка на услуги- Систематски преглед на вработените во училиштето, со проценета вредност од 51.200,00 денари и со критериум за избор – најниска цена. Со бр. 05-478/2 од 10.9.2018год. заведена тендерска документација . Со бр 05-478/2 заведена –Изјава дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба за аплицирање на огласот , дадена од раководителот на ПЗУ-Превемед, а со бр. 05-478/3 заведена Изјава дадена од раководителот на ПЗУ-Медика. Со бр. 05-478/5 од 13.9.2018год. е заведен Извештај за непостоење на негативна референца за двете фирми кои се јавиле на огласот. Потоа со бр. 05-478/6 од 17.9.2018 год. е заведен Записник од отворање на понудите со табела со податоци кои се читаат на отворањето на понудите , со следните вредности,

- ПЗУ –Превемед .....51.200,00 ден и

- ПЗУ – Медика .....51.200,00 ден.

Со бр. 05-478/7 е заведена Изјава од членовите на комисијата за јавни набавки за непостоење на судир на интереси, со економските оператори кои аплицирале на огласот. Понатаму со бр. 05-478/8 од 17.9.2018 год. е заведен Записник изготвен од комисијата за јавни набавки во кој се констатира дека понудата од ПЗУ-Медика Струмица е доставена во хартиена форма и им се враќа на истите **НЕОТВОРЕНА** , бидејќи во огласот стои дека треба да се аплицира електронски. Во Записникот од отворање на понудите заведен со број 05-478/6 стои вредноста на понудата од ПЗУ Медика , а од каде ја имаат видено вредноста ако понудата им се враќа на понудувачите неотворена , ревизијата не можеше да утврди. Со бр. 05-478/9 од 17.9.2018 год.се праќа –Известување до ПЗУ-Медика , со кое се известуваат дека понудата им се враќа неотворена , бидејќи е во хартиена форма и не ги исполнуваат условите на огласот . Со бр. 05-478/10 од 25.9.2018 год. е заведен –Извештај во кој е опишан целиот тек од досегашната постапка и во кој повторно се дадени вредностите на понудувачите кои аплицирале на огласот , иако едната понуда веќе е вратена . Со бр. 05-478/11 од 25.9.2018 год. заведена Изјава (Прилог 2) со кој понудувачот ПЗУ-Превемед потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба (Оваа Изјава е иста со Изјавата заведена со бр. 05-478/3 од 10.9.2018год.) . Со бр. 05-478/12 од 27.9.2018 год. е заведена –Одлука за избор на најповолна понуда , со која ПЗУ-Превемед-Скопје е изберена како најповолна , бидејќи и двете понуди се со иста вредност , а избран е оној што прв ја поднел понудата. Со бр. 05-478/13 од 28.9.2018год. е заведено –Известување до Превемед дека тие го добиле договорот за јавна набавка , а со бр. 05-478/14 заведено –Известување до ПЗУ-Медика дека , Превемед се избрани како најповолни понудувачи, бидејќи и двете понуди биле со иста вредност на понудата но Превемед први ја поднеле понудата, поради што се изберени како најповолни. Со бр. 05-478/15 од 3.10.2018год е заведен Договор склучен со ПЗУ-Превемед со вредност од 51.200,00 ден и се оди кон реализација на договорот. И во оваа постапка од доделување на договор за јавнана набавка има пропусти од видот на испратено известување дека се враќа –Понудата на Медика неотворена , а претходно е опишана понудата дадена од Медика со дадена вредност , на друго известување стои дека економскиот оператор што ја довива набавката е избран како најповолен бидејќи и двете понуди се со иста вредност , а понудата на

Превемед е прво добиена и затоа е избран како најповолна. Направените пропусти во доделување на договори за јавна набавка , е доказ дека станува збор за слаба контролна средина , односно дека контролите не работат соодветно, но сепак не настанале грешки кои можеле да доведат до значителни загуби за институцијата . Настанатите грешки се резултат на слабата и недобро обучена контролна средина, поради што ревизијата препорачува на раководството да преземе соодветни активности во правец на спроведување на обуки и професионализација на администрацијата , на лицата вклучени во спроведување на постапките за јавна набавка.

5. Набавка број 05- 510

Во оваа јавна набавка донесена е Одлука бр.05-510/1 од 24.9.2018 год. со која се утврдува потреба за набавка на масло за домаќинство (ЕЛ-1) , со проценета вредност 926.500,00 ден и критериум за избор –најниска цена. По заведена –Тендерска документација со бр. 05-510/2 од 24.9.2018 год. за спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, веднаш е даден Записник од отворање на понудите и со –Табела со податоци кои се читаат на отворањето на понудите заведен со бр. 05-510/3 од 5.10.2018год. и со три понуди,

- Пуцко Петрол - 799.510,00 ден.
- Јавор Шпед - 799.510,00 ден. и
- Супертрејд - 799.510,00 ден.

Со бр. 05-510/4 од 5.10.2018год. е заведен Извештај од Мин. за финансии од кој што се гледа дека ниедна од фирмите нема негативна референца . Со б. 05-510/5 од 5.10.2018 год. се заведени –Изјави дадени од членовите на комисијата за јавни набавки за непостоење на конфликт на интереси, а со бр. 05-510/6 –Изјава дадена од Пуцко Петрол со која понудувачот потврдува дека ги исполнува условите за аплицирање на огласот и ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба. Истите Изјави се дадени и од другите два економски оператори бр. 05-510/7-Јавор Шпед, и бр. 05-510/8 од Супертрејд. Понатаму со бр. 05-510/9 од 15.10.2018 год.е заведен Извештај за спроведување на е-аукцијата, со почетна вредност од 799.510,00 ден. мин. разлика 7.995,00 ден. и мах. Разлика 79.951,00 ден. Со бр. 05-510/10 од 15.10.2018 год. е даден Извештај од спроведената постапка на е-аукција и со Конечно бодување и рангирање на понудите,

1. Супертрејд 727.554,00 ден.v
2. Пуцко Петрол 735.549,00 ден
3. Јавор Шпед 783.519,00 ден.

Со бр. 05-510/11 од 16.10.2018 год. е заведена Одлука за избор на најповолна понуда , со која како најповолна понуда е изберена понудата на Супертрејд со вредност –727.554,00 денари. Со бр. 05-510/12 од 16.10.2018 год е заведена Изјава за непостоење на судир на интереси дадена од раководителот на училиштето , со бр. 05-

510/13-1 заведено Известување испратено до сите економски оператори со кое се известуваат дека Супетрејд се избрани како најповолна понуда и со бр. 05-510/14 од 24.11.2018 год. склучен Договор со Супертрејд ДООЕЛ- за набавка на екстра лесно гориво со вкупна вредност од 727.554,00 денари.

Во - Планот за јавни набавки за 2018 год. За набавка на екстра лесно масло за домачинствата е предвидена сума во износ од 500.000,00 ден. а при спроведување на постапката за набавка на масо е ставена проценета вредност од 926.500,00 ден. и за таа вредност е реализирана постапката, без да се изврши измена на планот и да истиот се усогласи со реалната вредност односно со вредноста на која се водела постапката.

Во оваа постапка за набавка на екстра лесно гориво, нема големи пропусти во спроведување на постапката, освен што проценетата вредност на набавката што се реализира и стои во Одлуката , не соодветствува со Планот за јавни набавки и планираната и проценета вредност што стои ѝво истиот.

6. Набавка број 05- 526

Во оваа постапка за јавна набавка со бр. 05-520/1 без дата кога е донесена , има заведена Одлука за утврдување на потреба за јавна набавка на услуги – Превоз на ученици во ОСУ-Ацо Русковски, во учебната 2018/2019 година, со проценета вредност од 3.400.000,00 денари. Во оваа одлука стои дека ќе се спроведе постапка согласно член 99, став 1, точка 1, алинеа 3 од Законот за јавни набавки (Сл. весник на РМ бр. 136/07.....120/16, 160/1/, 83/18), постапка со преговарање без претходно објавување на оглас од причини од крајна итност , предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се препишаат како пропуст и не може да се примени рокот за спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди. Заради измените во законот за превоз во патниот сообраќај , договорот за превоз е со важност до 28.9.2018 год. и поради тоа итно се оди со спроведување на постапка за преговарање и важноста на договорот кој ќе се склучи со завршување на оваа постапка ќе биде до изборот на понудувач за доделување на договор за јавна набавка во редовна постапка која ќе биде објавена во ЕСЈН, од страна на училиштето. Значи поради горенаведеното , Директорот одлучува да се спроведе постапка со преговарање без претходно објавување на оглас (согласно член 99 став1 точка 1, алинеа 3 од Законот за јавни набавки.

После тоа приложена е и друга Одлука заведена со бр. 05-534/3 од 28.9.2018 год. во која стои дека –Проценетата вредност на набавката е 3.200.000,00 денари без ДДВ, а сите други податоци кои се опишани во одлуката се исти , односно тоа дека се спроведува постапка со преговарање поради исност на постапката , а во меѓувреме ќе се објави нов оглас во ЕСЈН и ќе се спроведе нова постапка за превоз на учениците до крајот на школската година.

Понатаму постапката продолжува со –Покана за поднесување на понуди со бр.05-534/1 од 28.9.2018год. испратена до Цоби СМ Русиново , во кој Комисијата за јавни набавки бара од економскиот оператор да доставаат понуда за превоз на ученици , согласно (член 99 став 1, точка 1 и алинеа 3 од Законот за јавни набавки) најдоцна до 1.10.2018год.до 8 часот кога ги повикува да имаат и претставник од фирмата за

водење на преговори. Во прилог на Поканата е доставена и Тендерска документација , заведена со бр. 05-520/2 која ги содржи сите информации кои ќе помогнат на економскиот оператор при изработката на понудите –образците , кои се задолжителни при изготвување на понудите. Во продолжение следува и друга –Тендерска документација заведена под бр. 05-534/2 од 28.9.2018 год. и за разлика од првата , таа документација е пополнета и се дадени следните понуди,

		Бр. ученици	един. цена	Вкуп.цена без ддв
-Дел 1	Русиново-Берово	31	76,2	2.362,00
- Дел 2	Владимирово-Берово	13	76,2	990,00
- Дел 3	Дворис. Ратево Берово	17	114,3	1.943,00
- Дел 4	Митраш. Будин. Берово	54	90,5	4.887,00

Понатаму има доставена –Изјава дадена од управителот на Цоби –СМ , дека во последните пет години на споменатата фирма не била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничко здружување , корупција, измама или перење пари, така да може слободно да учествува во постапката на преговарање без претходно објавување на оглас. Следен доставен документ е Договор за изнајмување на основно сретство за превоз – Автобус , склучен на 29.9.2018 год. помеѓу Друштвото за трговија , транспорт и услуги Цоби-СМ Русиново , застапувано од основачот Слободан Мирчовски како КОРИСНИК на линија и учесник на тендер и Друштвото за трговија и услуги Тритерол ДООЕЛ –Струмица , застапувано од управителот Живко Андреев , како ИЗНАЈМУВАЧ-подизведувач , од друга страна .Предмет на договорот е изнајмување на автобус со кој Цоби-СМ ќе врши превоз на ученици со автобусот на Тритерол , на горе наведените линии до моментот на завршување на постапката за добивање на договор за јавна набавка , односно до 31.12.2018 год. по понудените цени дадени во погоре опишаните понуди. Потоа од страна на Тритерол се поднесени сите можни Лиценци за вршење на општински превоз на патници издадена од Општина Берово , како и лиценца издадена од Министер. за транспорт и врски како и Тековна состојба за Тритерол, Потврда за неводење на прекршочна санкција , Потврда за издавање на друга споредна казна, Потврда за регистрирана дејност , Уверение за платени даноци од УЈП, Изјава од Управителот на Тритерол дека не му е изречена правосилна пресуда за учество во злостопничка организација , корупција , измама или перење на пари, како и Изјава дадена од Управителот на Цоби СМ, дека поднесените понуди ги поднесува независно без договор со други економски оператори и на начин кој не е спротивен на прописите за заштита на конкуренцијата . Нареден документ заведен со бр 05-5826/1 од 1.10.2018 год е –Известување испратено до Цоби-СМ, со кое комисијата за јавни набавки ги известува дека ги исполнуваат условите за превоз на ученици и дека ја прифаќа понудата дадена од страна на Цоби-СМ. Со бр 05-526/2 од 1.10.2018 год е заведен и Прилог А , во кој е опишан целиот тек на постапката , дека е вршено преговарање без претходно објавување на оглас , дека понудат дадена од Цоби –СМ , е прифатлива , се вклопува во проценетата вредност и се прифаќа понудата на Цоби-СМ. Нареден документ е –Изјава дадена од раководителот на договорниот орган заведена со бр. 05-526/2 од 1.10.2018 год.за непостоење на конфликт на интереси./ Со истиот бр. 05-526/2 од 1.10.2018 год е заведено и

Образложение на Комисијата за јавни набавки за причините за спроведување на постапка со преговарање без претходно објавување на оглас и за начинот на нејзиното спроведување. Со бр 05-523/2 од 1.10.2018 год е заведена и –Одлука за избор на понуда во постапката за преговарање за јавна набавка на услуги, превоз на ученици и се избира понудата на Цоби-СМ. Оваа одлука е заведена и со друг бр.05-534 исто од 1.10.2018 год. Договор бр 05-526/3 од 1.10.2018 год е склучен со Цоби-СМ а вкупната вредност на превозот на ученици од местото на живеење до местото на учење и назад ќе се формира како збир на број на корисници , број на работни денови во месецот, согласно единичните цени од прифатената понуда на носителот на набавката по тендерската документација , но да не поминува лимит од 3.200.000,00 денари.Договорот е со важност до 31.12.2018 год. Вредноста во напред дадениот договор е ставена за цела година , а договорот е со важност до 31.12.2018 год . поради што на 14.12.2018год. е направен и склучен и Анекс договор со бр. 05-526/4 каде е променета вредноста на договорот и се менува и гласи да не надминува лимит од 500.000,00 денари. Потоа се оди на реализација на договорот.

7. Набавка број 05-556

Со бр 05-556 од 12.10.2018 год . е заведена Одлука за утврдување на потреба за јавна набавка на услуги –превоз на ученици , со проценета предност од 3.200.000,00 ден. и критериум за избор е најниска цена 100 бода . Поради итност на постапката за вршење на превоз на ученици , постапката што ќе се спроведе е – постапка со преговарање без претходно објавување на оглас. Со бр. 05-556/1 од 12.10.2018год. е заведена - Покана за поднесување на понуди , испратена до Андон Компани за да достават –Понуда за преземање на неколку линии за превоз на ученици во учебната 2018/2019 год. Поради итност на постапката за непречено одвивање на наставно образовниот процес на учениците се спроведува постапка со преговарање без претходно објавување на оглас . Со бр. 05-556/2 е заведен Прилог А , на Записникот од отворање на понудите во постапката (овде стои бр. на постапка 03-396/3) што е сигурно грешка , а продолжува со опис на постапката со која Андон –Компани се јавува како понудувач за вршење на превоз на ученици на релација Робово –Берово-Робово, Робово-Умлена –Пехчево –Робово , Панчарево-Црник-Пехчево-Берово и обратно за кои ги има понудено следните вредности, за Првата линија 572,00 ден за Втора линија 360,00 ден и за Трета линија 5.280,00 ден. Комисијата констатира дека понудените цени се вклопуваат во проценетата вредност на јавната набавка и по заведените –Изјави со бр 05-556/2 од 15.10.2018год дадени за непостоење на конфликт на интереси од членовите на комисијата , со истиот бр. 05-556/2 исто од 15.10.2018 год е заведена –Одлука за избор на најповолна понуда за превоз на ученици на две релации1. и 3. се избира најповолен понудувач е економскиот оператор- Андон Компани , а за дел 2. избран е Тритерол. Со Андон Компани е склучен договор бр. 05-556/3 а со Тритерол е склучен договор бр. 05-556/4 за превоз на релација Панчарево –Пехчево –Берово и обратно , на износ од 4.400,00 ден. односно 44х 100 ден без ддв , вкупно 4.400,00 и 4.620,00 со ДДВ.Значи поради тоа што набавката на услуги е делива, за еден дел се склучува договор со операторот што има понудено пониски

цени , а за другиот дел со другиот оператор кој исто така има понудено пониска понуда за дотичната релација.

4. Наоди

1. Во набавката број 05-438, има –Доставено известување до едниот економски оператор(ПЗУ-Медика) во кое се вели дека им се враќа понудата неотворена,бидејќи во тендерската документација се бара да се аплицира електронски, а тие имаат испратено понуда во хартиена форма. Истовремено, во повеќе документи од постапката ја има ставено вредноста од понудата на ПЗУ-Медика , иако во известувањето стои дека нивната понуда им се враќа неотворена.

2. Во истата јавна набавка во -Известување заведено со бр 05-438/ испратено до ПЗУ-Медика, стои дека во спроведување на постапката за јавна набавка и двете пристигнати понуди се со иста вредност , но бидејќи понуда на ПЗУ-Медика е второ пристигната им се враќа на понудувачите, а се прифаќа прво пристигнатата понуда. Оваа известување е контрадикторно со првиот наод.

3 . Во набавката бр 05-526 , има случај каде повеќе документи од постапката се заведени со исти број (526/2) се заведени –Образложение на Комисијата за причините за спроведување на постапката сите, Изјави дадени од комисијата за јавни набавки, Прилог А.

4. Во набавката на услуги –Превоз на ученици- истата е повеќе пати распишана, поништена , потоа е вршено директно преговарање без претходно објавување на оглас, се во интерес на непречено одвивање на образовниот процес. И за оваа јавна набавка ревизорот констатира дека лицата вклучени во спроведување на постапката не се доволно подготвени за водење на постапка за јавна набавка .

5. Планот за јавни набавки беше доставен на ревизијата и истиот е заведен со бр. 05-41/1 од 24.1.2018год.значи донесен е навреме, меѓутоа потпишан е од Претседателот на училишниот одбор а не е потпишан од раководителот на институцијата . Исто така има набавка во планот со предвидена проценета вредност од 500.000,00 ден за набавка на масло -екстра лесно , а директорот донесува одлука за набавка на масло за греење со проценета вредност од 926.500,00ден

5. Препораки

1. Договорниот орган е должен да оформи досие за постапката за секој доделен договор за јавна набавка, во кој ќе бидат сите документи хронолошки подредени, архивирани и со сите потребни податоци од кои ќе може да се види и да се следи текот на постапката, за да се утврди дали биле запазени сите чекори во спроведување на постапките од доделување на договори за јавна набавка на стоки и работи.

2. Во секоја одлука што ја донесува раководителот треба да стои –Проценетата вредност на јавната набавка, која пак треба да соодветствува со проценетата вредност која стои во планот за јавни набавки .

3. Согласно член 26 од Законот за јавни набавки(Сл.весник на РМ бр. 136/2007), потребата од јавна набавка треба да е изразена, оценета и вклучена во планот за јавни набавки и да е соодветна со финансиските сретства и потребата на Училиштето. Значи врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган(Училиштето) донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи според општиот поимник за јавни набавки, со кој го определува и очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. Планот за јавни набавки се донесува до 31 јануари за тековната година и тој по потреба може да се измени или дополни во текот на годината, во зависност од ново настанатите потреби и обезбедените финансиски сретства. Значи, планот за јавна набавка е интерен акт, меѓутоа треба да се донесе до крајот на јануари за тековната година, може да се врши измена и дополнување во текот на годината, но **треба** да ги содржи сите планирани јавни набавки.

6. Заклучок

Главна цел на донесување на Закон за јавна набавка, е да се обезбеди транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавна набавка, конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, рационално и ефикасно искористување на јавните сретства и заштеда на јавните сретства.

Согласно член 29 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр. 136/2007.....27/2015г.....) договорниот орган –училиштето- определува лице кое треба да биде вработено во училиштето, обучено за вршење на работите од областа на јавните набавки и кое треба да има соодветна потврда за **положен испит за лице за јавни набавки.** Тоа лице ги врши следните работи, ја координира подготовката за планот за јавни набавки, ја изготвува одлуката за јавна набавка, објавува оглас, ја советува комисијата при спроведување на постапките за доделување на договори за јавна набавка, ги потготвува потребните акти врз основа на извештајот од спроведената постапка, ги ажурира поддатоците кои согласно со овој закон се доставуваат во ЕСЈН, објавува негативна референца во ЕСЈН, согласно со условите на овој закон, дава насоки и упатства на договорниот орган во врска со постапување по жалбената постапка во соработка со комисијата за јавни набавки и постапува согласно Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки, заедно со комисијата за јавни набавки.

Со проверка на документацијата од постапките на доделените договори за јавна набавка , како и во контактите со раководителот на училиштето , ревизијата утврди дека во училиштето нема лице кое е обучено за вршење на работите од областа на јавните набавки , со соодветна потврда и положен испит за лице за јавни набавки, бидејќи , лицето кое било определено за да работи на таа проблематика , откако ги поминало

обуките организирани од Бирото за јавни набавки и добило цертификат за лице за вршење на работите од областа на јавни набавки, истото тоа се откажало од учество во спроведување на постапките за јавни набавки.

Напред изнесените ставови , односно сите напред дадени наоди како и препораките на истите се доказ дека контролната средина во која се одвива процесот на доделување на договори за јавни набавки е доста слаба и дека потребните контроли не се спроведуваат. Лицата кои ги спроведуваат јавните набавки не се доволно едуцирани, поради што ревизијата препорачува **, менаџментот да работи на организирање на професионална контролна средина во училиштето , контролна средина која што ќе биде способна да спроведува постапки за јавна набавка на стоки, работи и услуги, транспарентно ,економично и ефикасно и согласно законот за јавни набавки .** Значи, менаџментот треба да се труди да формира екипа на професионалци (барем едно лице) кое ќе биде обучено да го спроведува процесот на доделување на договори за јавна набавка , со членовите на комисијата за јавни набавки, како би се оформила појака контролна средина, контролна средина која ќе обезбеди на раковотството во институцијата сигурност дека се запазени сите чекори во постапката , од 1.Дефинирање на спецификациите или на условите на набавка, 2. Изготвување на тендерска документација, 3. Објава на оглас,4. Пристигнување на понуди и соодветен третман на истите, 5. Оценка на понудите, изготвување на почетна ранг листа за учество на е-аукција, 6. Спроведување на е-аукција, 7. Оценка на новите понуди по завршување на е-аукцијата, 8. Проверка на личната, професионалната, финансиската способност на економските оператори, па се до 9. Донесување на одлука за најповолна понуда, 10. Склучување на договор. Напред наведените чекори се основни во процесот на доделување на договори за јавна набавка, со уште на низа на потчекори , а временската рамка за секој чекор во постапката треба да е усогласен со регулативата, интерните акти на училиштето доколку ги има како и специфичностите на набавките. Контролна средина која ќе го разбира процесот на јавни набавки, која ќе ги следи сите измени и дополнувања на –Законот за јавни набавки и контролна средина која нема да дозволи да се случат никакви загуби за институцијата.

Значи, како што беше напред спомнато, во разговор со раководителот на институцијата, ревизијата констатира дека раководителот како раководно лице се обидел да формира екипа за спроведување на постапките за јавни набавки на стоки, со испраќање на едно лице на обука и со цертифицирање на истото , но покасно тоа лице , откако ги завршило сите обуки и добило Цертификат за лице за јавни набавки, се откажало од учество во спроведување на постапките**. Меѓутоа и покрај тоа , раковотството треба да продолжи со напорите за формирање на екипа која што ќе може да ги спроведува постапките за јавна набавка професионално и согласно Законот за јавна набавка.**

Со извршената ревизија и спроведените контролни тестови се констатирани значи одредени пропусти во контролната средина и функциунирањето на истата , но ревизорот констатира дека и покрај слабата контролна средина не се случиле значајни загуби за институцијата.

7. Законска регулатива, методи на ревизијата, критериуми на ревизијата Контролни цели

Опфат на ревизијата :

Опфатот на ревизијата се постапките од доделени договори за јавна набавка на стоки, работи и услуги во период од 01.01.2018 до 31.12.2018година, почнувајќи од дефинирање на потребите за набавка во –Планот за јавни набавки, донесување на –Одлука од страна на раководното лице, па се до потпишување на договорите од договорните страни и реализација на истите.

Законска регулатива

1. Закон за јавни набавки.

2.Статут на ОСУ ‘’Ацо Русковски’’.

Методи на ревизија

Во текот на ревизијата извршено е прелиминарно истражување на процесот, документирање на самиот процес, идентификација на контролните цели и ризици, оценување на контролниот систем и донесување заклучоци.

Во делот на документирање на процесот на јавни набавки се примени текстуално опишување на процесот, се изврши проверување дали системот е забележан коректно со примена на тестот чекор по чекор, се изработат соодветни ревизорски програми за тестови на усогласеност и се прегледани сите досиета од постапките за доделување на договор за јавни набавки во училиштето.

Ревизијата ја изврши:

Марина Предарска, внатрешен ревизор во општина Берово.

Критериуми :

Основен критериум за отценување на постапката за доделување на договор за јавни набавки е **Законот за јавни набавки.**

Контролни цели :
Според ризиците во процесот, контролните цели на ревизијата се следните:

1. Да се добие потврда дека постои потреба и дека набавките се по приоритет во планот за јавни набавки;

2. Да се добие потврда дека се планирани и обезбедени средства со буџетот, финансиски план и други извори на финансиски средства пред донесување на планот за јавни набавки и одлука за јавна набавка. Да се осигури дека одлуката за јавна набавка ги содржи сите елементи пропишани со закон и е донесена навремено;

3. Да се добие потврда дека е почитувана и спазена процедурата за јавна набавка од донесување на одлука од страна на раководниот орган, формирање на комисија за јавни набавки, објавување на оглас и комплетна тендерска документација, спроведување на електронска аукција, рангирање според дадените критериуми, поднесување на извештај од страна на комисијата и давање на предлог до раководниот орган да го избере економскиот оператор кој има најповолна понуда;

4. Да се добие потврда за почитување на процедури за спроведување на постапките за доделување на договор за јавни набавки со барање за прибирање на понуди;

5. Да се добие потврда за почитување на процедури за спроведување на отворена постапка

6. Да се добие потврда за склучување на договор со најповолниот понудувач и во пропишана форма;

7. Да се добие потврда за почитување на количините и вредноста на договорот во текот на реализација на набавката;

8. Да се добие потврда дека членовите на комисијата , како и раководителот на институцијата, потпишуваат изјави за постоење/непостоење на судир на интереси;

3 Наоди и препораки според контролните цели

3.1. Наоди и препораки, за да се осигури дека постои потреба и дека набавките се по приоритет во планот за јавни набавки

Наод. Планот за јавни набавки беше доставен на ревизијата и истиот е заведен со бр. 05-41/1 од 24.1.2018год.значи донесен е навреме, меѓутоа потпишан е од Претседателот на училишниот одбор а не е потпишан од раководителот на институцијата . Исто така има набавка во планот со предвидена проценета вредност од 500.000,00 ден за набавка на масло екстра лесно , а директорот донесува одлука за набавка на масло за греење со проценета вредност од 926.500,00ден.

Препорака. Согласно член 26 од Законот за јавни набавки(Сл.весник на РМ бр. 136/2007), потребата од јавна набавка треба да е изразена, оценета и вклучена во планот за јавни набавки и да е соодветна со финансиските сретства и потребата на Училиштето. Значи врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган(Училиштето) донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи според општиот поимник за јавни набавки, со кој го определува и очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. Планот за јавни набавки се донесува до 31 јануари за тековната година и тој по потреба може да се измени или дополни во текот на годината, во зависност од ново настанатите потреби и обезбедените финансиски сретства. Значи, планот за јавна набавка е интерен акт, меѓутоа треба да се донесе до крајот на јануари за тековната година, може да се врши измена и дополнување во текот на годината, но **треба** да ги содржи сите планирани и реализирани јавни набавки.

3.2. Наоди и препораки, за да се осигури дека Одлуката ги содржи сите елементи пропишани со закон и е донесена навремено.

Со преглед на досиетата од доделувањето на договор за јавни набавки, ревизорот констатира дека во сите досиета има Одлука за утврдување на потребата од набавка на стоки, работи и услуги, донесена од Директорот во законски утврдениот рок. Со Одлуката се утврдува видот и потребата од набавка, изворот на сретствата потребни за набавката, начинот на спроведување на постапката, проценетата вредност на договорот, критериумот за избор на најповолен понудувач, составот на комисијата за јавни набавки и избериот претседател на истата.

Значи, На основа извршената анализа ревизорот контстатираа дека Одлуките што ги носи раководното лице во училиштето се донесени навреме и истите се комплетни со сите потребни податоци, освен одлука донесена за набавка на услуги –Превоз на ученици, која што одлука е донесена на 3.400.000,00 ден. на 3.200.000,00 ден. и трета одлука на 500.000,00 денари, бидејќи таа постапка е повеќе пати распишувана и поништена и за секоја нова постапка е носена одлука со различна проценета вредност.

3.3. ***Наоди и препораки да се добие потврда дека е почитувана и спазена процедурата за јавни набавки од донесување на одлука од страна на раководниот орган, формирање на комисија за јавни набавки, објавување на оглас и комплетна тендерска документација, спроведување на електронска аукција, рангирање според дадените критериуми, поднесување на извештај од страна на комисијата и давање на предлог до раководниот орган да го избере економскиот оператор кој има најповолна понуда***;

Ревизорот утврди дека процедурата за јавна набавка е **целосно запазена** со сите законски рокови од моментот на донесување на: Одлука за јавна набавка; објавување на оглас со тендерска документација; формирање на комисија за јавна набавка и определување на претседател на истата. објавување на оглас и комплетна тендерска документација, спроведување на електронска аукција, рангирање според дадените критериуми, поднесување на извештај од страна на комисијата и давање на предлог до раководниот орган да го избере економскиот оператор кој има најповолна понуда;

3.4 Наоди и препораки да се добие потврда за почитување на процедури за спроведување на постапките за доделување на договор за јавни набавки со барање за прибирање на понуди;

Врз основа на извршениот увид на документите може да се констатира дека процедури за спроведување на постапките за доделување на договор за јавни набавки со барање за прибирање на понуди се запазува ;

3.5. Наоди и препораки, за да се осигури дека се склучува договор со најповолниот понудувач и во пропишана форма;

Договорите се склучени во законски пропишаниот рок од донесување на одлука за избор.Склучените договори се во соогласност со пропишаните елементи кои се составен дел од тендерската документација .

3.6. Наоди и препораки да се добие потврда за почитување на количините и вредноста на договорот во текот на реализација на набавката

Со проверка на сметковотствената документацијата и по извршеното интервју со администрацијата вклучена во процесот на спроведување на постапките за јавни набавки, ревизијата констатира дека откако се склучи договор се архивира во архива , плаќањата се вршат по добивање на ситуации и фактури за извршените набавки , како и дека се следи извршување на количината и вредноста на договорите.

3.7. Наоди и препораки, за да се осигури дека во досиетата од реализираните постапки се содржи изјава за постоење/непостоење на судир на интереси

По извршената ревизија и преглед на досиетата констатирано е дека изјави за постоење/непостоење на судир на интереси постојат во сите досиета за спроведените јавни набавки, согласно член 173 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник на РМ бр.136/2007) потпишани од членовите на комисијата за јавни набавки и изјави потпишани од раководителот на институцијата.

Изготвил
Внатрешен ревизор
Марина Предарска

С О Д Р Ж И Н А

1.Извршно резиме……(1.....4)

- Вовед и општи информации

- Видови на договори за јавна набавка

- Спроведени постапки за - Доделени договори за јавна набавка во 2018год

……(4..... 11)

2. Детален извештај

-Наоди ,

-Препораки и

-Заклучок……(12..... 14)

- Законска регулатива, методи на ревизијата, критериуми на ревизијата

Контролни Цели .....(15……16)

3. Наоди и препораки според контролните цели……(16.....18)